Врз основа на член 249-в став (4) од Закон за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22), министерот за здравство утврди

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПРИСТАП, ДИСТРИБУЦИЈА, ИЗДАВАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ, ЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИНТЕГРИРАНИОТ ЗДРАВСТВЕН ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМ

## Член 1

Во Правилникот за начинот на пристап, дистрибуција, издавање, користење, чување и заштита на податоците од интегрираниот здравствен информатички систем број 17-4576/1 од 16.05.2016 година, во член 2 став 1 во точката 9 точката се заменува со запирка и се додаваат пет нови точки 10, 11, 12, 13 и 14, кои гласат:

„10. „Посебни категории на лични податоци“ се лични податоци кои откриваат расно или етничко потекло, политички ставови, верски или филозофски убедувања или членство во синдикални организации, како и генетски податоци, биометриски податоци, податоци што се однесуваат на здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на физичкото лице,

11. „Податоци што се однесуваат на здравјето“ се лични податоци поврзани со физичкото или менталното здравје на физичкото лице, вклучувајќи и податоци за добиената здравствена заштита кои откриваат информации за неговото здравје,

12. „Обработка на личните податоци“ е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување,

13. „Анонимизирање на податоци“ или "Псевдонимизација" е обработка на личните податоци на таков начин што личните податоци не можат повеќе да се поврзат со одреден субјект на лични податоци без да се користат дополнителни информации, под услов таквите дополнителни информации да се чуваат одделно и да подлежат на технички и организациски мерки со кои ќе се обезбеди дека личните податоци не се поврзани со идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува,

14. „Нарушување на безбедност на личните податоци" е секое нарушување на безбедноста, што доведува до случајно или незаконско уништување, губење, менување, неовластено откривање или пристап до личните податоци кои се пренесуваат, чуваат или на друг начин се обработуваат.“

Член 2

Во членот 3 по ставот (3) се додаваат четири нови ставови (4), (5), (6) и (7), кои гласат:

„(4) Министерот за здравство, врз основа на барање, донесува одлука за дозволен (авторизиран) пристап до податоците, на корисник кој е исклучиво на стручно лице, кое подлежи на обврска за чување на деловна тајна во согласност со закон или со правилата утврдени од надлежни тела во Република Северна Македонија.

(5) Кон барањето од ставот 4 од овој член, за добивање на дозвола (авторизација) за пристап до податоците задолжително се доставува и изјава од барателот под полна морална, материјална и кривична одговорност дека корисникот (барателот) нема на било каков начин или со било кое дејствие или пропуштање да ја повреди обврската за чување на деловна тајна или на било кој начин да ги злоупотреби, или обзнани личните податоци до кои има пристап, или пак на било кој начин да ја наруши безбедноста на личните податоци за време додека е во важност дозволата за авторизација, како и најмалку 5 години по истекот на важноста на авторизацијата.

(6) Одлуката за авторизација се донесува за период од 2 години и истата може да биде продолжена.

(7) Министерството за здравство води посебна евиденција за лицата од став 4 од овој член и за издадените авторизации."

Член 3

По членот 5 се додава нов наслов и три нови членови 5-а, 5-б и 5-в, кои гласат:

„Портал за пациенти-Мое Здравје

Член 5-а

Во рамки на интегрираниот здравствен информатички систем, преку посебна апликација, на секој граѓанин-корисник, под услови утврдени со овој Правилник, преку порталот за пациенти-Мое Здравје, му се овозможува увид во податоците за личното здравје, како што се особено сите реализирани прегледи за пациентот кај матичен лекар, специјалистички, лабораториски, дијагностички и болнички упати, рецепти, податоци за примени вакцини, информации за здравственото осигурување на Граѓанинот-корисник итн.

За сите групи на податоци наведени во став 1 од овој член, поделени во две категории на активни и архивирани документи, се добиваат особено следните информации:

- Датум на закажан преглед,
- Датум на извршување на услугата,
- Здравствена установа и здравствен работник кој ја извршил услугата,
- Извештаи, резултати и отпусни писма,
- Сертификати и решенија за вакцинација.

Член 5-б

Граѓанинот-корисник ги користи услугите на Порталот за пациенти-Мое Здравје преку личниот профил во Системот за единствена најава (СЕН), кој што го

води Министерството за информатичко општество и администрација односно преку Националниот Портал за е-Услуги со постоечки е-ИД профил (https://uslugi.gov.mk.).

После првата најава преку е-ИД профил, граѓанинот-корисник на Порталот за пациенти-Мое Здравје поставува свој личен пин кој ќе го користи при секое следно влегување во апликацијата/порталот.

Серверскиот дел од порталот за пациенти-Мое Здравје не зачувува лични податоци.

Сите податоци се превземаат од API сервисите на "Мој Термин" и се прикажуваат на корисникот без притоа да бидат зачувани.

На серверскиот дел, единствено се зачувува пациентскиот идентификатор (PatientID) со помош на кое се одвива целата комуникација помеѓу системите, при што текстуален лог од повикувањата на API сервисите се зачувува во формат без детали за најавениот корисник, односно се зачувува само идентификатор за пациентот (псевдоанонимизирани податоци).

На секој граѓанин-корисник на Порталот за пациенти-Мое Здравје му се овозможува увид во „Политиката за приватност".

Со прифаќањето на Политиката за приватност и со користењето на услугите порталот за пациенти-Мое Здравје, граѓанинот-корисник се согласува со наведениот начин на собирање и обработка на личните податоци при користење на услугите на порталот за пациенти-Мое Здравје.

Член 5-в

На веб страната на Министерството за здравство се објавува Упатство за користење и правила и услови за пристап и користење на порталот за пациенти-Мое Здравје."

Член 4

Членот 8 се менува и гласи:

„Член 8

(1) Податоците што се чуваат во системот, преставуваат посебни категории на лични податоци, односно податоци што се однесуваат на здравјето и можат да бидат обработувани од страна на, или под одговорност на стручно лице кое подлежи на обврска за чување на деловна тајна во согласност со закон или со правилата утврдени од надлежни тела во Република Северна Македонија или од друго лице кое исто така подлежи на обврска за чување на деловна тајна во согласност со закон или правилата утврдени од надлежни тела во Република Северна Македонија.

(2) Заштитата на личните податоци од ставот 1 се врши во согласност со Законот за заштита на личните податоци и останатите позитивни прописи од областа на заштитата на личните податоци и евиденциите во областа на здравството и здравствената заштита.

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе отпочне да се применува од денот на објавувањето на интернет страницата на Министерството за здравство.

Број 22-4744/1                                                    МИНИСТЕР,
19-05-2023 година                                                 Dr. Fatmir Mexhiti